**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: Трговско радиодифузно друштво**
**За: Управител/ главен и одговорен уредник**

Бр. 03-1979/2
Скопје 18.04 2018г.

**Предмет: Известување во врска со претставка**

Почитувани,

На 15 април 2018 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги прими претставка од гледач кој укажува дека не ја исполнувате законската обврска да ги категоризирате филмовите што ги емитувате како дел од Вашата понуда за играна програма, односно дека не ги почитувате правилата за заштита на малолетната телевизиска публика.

Според член 50 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги се должни да ја категоризираат вкупната програма што се емитува на телевизиските програмски сервиси, со исклучок на вестите и на информативните програми и да ја емитуваат во соодветни временски периоди од денонокието.

Пред почетокот и за време на емитувањето на сите видови играна програма и на другите програми кои било како целина или преку нивни делови, можат штетно да влијаат врз малолетните лица, задолжително се аплицира и предупредувачка сигнализација утврдена во Правилникот.

Очекуваме емитувањето на програмата веднаш да го усогласите со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица.

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Палата „Панко Брашнаров"
ул. „Македонија" бр.38
1000 Скопје
Република Македонија

Тел. + 389 2 3103 400

www.avmu.org.mk
www.avmu.mk
contact@avmu.mk